РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 15-170/4
Датум 12.07.2011 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 1. седница одржана на 29.06.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**со кое се акредитира Елаборатот за усогласување на студиските програми од првиот циклус тригодишни студии на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет – Република Македонија во Скопје**

1. Се акредитираат усогласените **тригодишни студиски програми на првиот циклус** на Факултетот за економски науки на Европскиот универзитет Република Македонија во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за прв циклус на универзитетски студии на Факултетот за економски науки, во траење од три години ( шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со назив: **Дипломиран економист,** научно истражувачко подрачје: економски науки, научно истражувачко поле: организациони науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Европскиот универзитетот Република Македонија во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за усогласување на првиот циклус на академски студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми од Сенатот на Евроскиот унивезитетот, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.15-170/1 од 23.12.2010 година до Одборот за акредитација на високото образование за

прифаќање и акредитација на усогласените студиски програми од вториот циклус на Факултетот за економски науки.

Одборот за акредитација на својата 34 седница одржана на 27.01.2011 година формира експертска комисија и на 1. седница одржана на 29.06.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ**
**ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**Проф. Михаил Петковски**